Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 22.03.2024

На 21.03.2024 во 14.30 часот на автопатот Граничен премин Табановце - Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.Т.(30) од Радовиш. При преглед на патничко возило „мерцедес спринтер" со радовишки регистарски ознаки, со приколка, со швајцарски национални ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени повеќе предмети за кои не поседуваат документација. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 21.03.2024 околу 19.10 часот на улица „Брака Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 39-годишниот гостиварец Б.Ф., кој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 21.03.2024 во 14.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Р.(37) од Скопје затова што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкеста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.03.2024 во 23.09 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопственото возило „киа" со скопски регистарски ознаки, на паркинг пред пораненшната клиника Железара, со убодни рани по телото бил пронајден А.Т.(67) од Скопје. Според пријавеното, тој бил пронајден од неговите синови, кои почнале да го бараат откако не се вратил дома од работа. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2024 во 23.20 часот, полициски службеници од ОВР Кичево ја лишиле од слобода В.Ј.(60) од Скопје. Таа, претходно, на улицата „Трајче Стрезоски" во Кичево физички го нападнала Ф.С.(33) од Скопје и ја оштетила неговата службена опрема, а потоа во службените простории на ОВР Кичево, каде била повикана на разговор, физички го нападнала полициското службеник и го уништила изготвениот службен материјал. По целосно документирање на настанот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (21.03.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 173 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 82 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 91 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 162 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина пет санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, пет мерки за користење мобилен телефон при возење, 16 мерки за прекршоци кои се праат пешаците...

На 21.03.2024 во 17.57 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на патот Градско - Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со прилепски регистарски односи, управувано од А.М.(29) од Прилеп и товарно возило „ман" со скопски регистарски односи, управувано од З.Б.(38) од Куманово. Во несреќата, А.М. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во градската болница Прилеп каде починал. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција, а увид на местото извршила екипа на ОВР Прилеп.

Во текот на вчерашниот ден (21.03.2024) во периодот од 09.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе сообраќајна контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги праат пешаците. При контролата, санкционирани се 177 пешаци од кои, 139 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... За време на контролата санкционирани се и 131 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 21.03.2024 во 10.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Лазар Трпковски" во Скопје, патничко моторно возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.М.(44) од Скопје, удрило во А.Ц.(24) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.Ц. констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.03.2024 во 10.30 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека на ул.„Браќа Миладинови" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тојота" со винички регистарски ознаки, управувано од А.Б.(24) од Винница и мопед со винички регистарски ознаки, управуван од малолетник од Винница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Винница.

На 21.03.2024 во 12.51 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-Скопје, кај с.Групчин, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со италијански национални ознаки, управувано од Ш.Р.(38) од с.Бојане, скопско, патничко возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ј.С.(68) од с.Ларце, тетовско и патничко возило „опел" со тетовски регистарски ознаки управувано од У.Б.(35) од с.Лисец, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „опел", С.Б.(35) од с.Лисец, а со телесни повреди се здобиле возачот У.Б. и сопатничка од возилото „мерцедес", Џ.Ф.(49), констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 21.03.2024 во 19.40 часот во Полициската станица Чаир, И.Т.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Босна и Херцеговина" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.03.2024 во 08.40 часот во СВР Битола, Г.П.(65) од Битола пријавил дека на улица „Јосиф Христовски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 21.03.2024 во 12.20 часот во Полициската станица Велес, З.Ј.(67) од Велес пријавил дека на улица „Ризо Ризов" во Велес, неговиот син С.Ј.(34) бил каснат од куче скитник.

На 21.03.2023 од 09.00 до 14.00 часот, при преземени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Скопје, полициските службеници затекнале 30 пешаци кои спроведуваа сообраќајни прекршоци (Охрид- 12, Струга-12, Кичево-04, Дебар-02).

На 21.03.2024 во времето од 09.00 до 14. 00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на прекршоци што ги праат пешаците. За време на контролата биле санкционирани 23 прекршоци. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 12 прекршоци, од кои 3 надвор од населено место и 9 во населено место. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци.

Во рамките на континуираните активности што ги презема СВР Тетово за поголем ред и безбедност на сообраќајот, на 21.03.2024 од 09.00 до 14.00 часот спроведена е акциска контрола на пешаците и нивното одување во сообраќајот. При контролата биле откриени и санкционирани 35 пешаци (ТЕ-28 и ГВ-7). Во акцијата, исто така, санкционирани се и 4 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

Денеска (22.03.2024) во 01.20 часот во СВР Скопје, 31-годишна жена од Скопје пријавила дека на 21.03.2024 во населбата Хиподром била физички нападната од својот партнер А.Ј.(43) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.03.2024 во 15.10 часот во СВР Скопје, О.Т.(43) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на општина Аеродром неговата малолетна ќерка била физички нападната од А.Д. (женско лице) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2024 во 12.15 часот во СВР Скопје, 47-годишна жена пријавила дека околу 02.00 часот во семејниот дом во скопско, нејзиниот сопруг А.Е. физички го нападнал нивниот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.03.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Ц.Х.(32) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 18.40 часот во с.Бојане, скопско, во автобус на ЈСП, каде извршувал работни задачи како возач, бил физички бил нападнат од едно лице, кое употребило тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 18.03.2024 околу 14.00 часот во семејниот дом на подрачјето на Кисела Вода, Б.Л.(27) од Скопје физички ја нападнал сојата 52-годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.03.2024) во 01.44 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен починат А.Т.(39) од Скопје. Според пријавеното, околу 19.30 часот тој бил пронајден во домот од неговиот брат М.А.(53). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2024 во 22.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево, К.Ј.(83) од Скопје допирал по телото малолетничка од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.03.2024 во 02.16 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8 Септември" било пријавено дека кај нив бил донесен починат А.Т.(39) од Скопје. Според пријавеното, тој претходно седел со неговиот колега Т.М.(54) од Скопје на подрачје на Лисиче и му се спошило, по што побарал од колегата да го однесе дома. Како што е пријавено, Т.М. застанал на пункт на Итна медицинска помош, од каде бил упатен кон Градската општа болница „8 Септември", но на пат кон болницата А.Т. починал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2024 во 09.00 часот, В.А.(40) од Охрид во полициска станица пријавила дека на улица „Крум Точков" во Охрид била каснат од куче скитник.

На 21.03.2024 во 10.00 часот, И.С.(70) од Кичево во полициска станица пријави дека на улицата „11 Септември" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, И.М.(36) од Кичево пријавила дека на улицата „Прилепска" во Кичево, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против С.В.(53) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластувања". Пријавениот, во 2021 година, во својство на градоначалник на општина Свети Николе, за реализација на проектот за изградба на фекална канализација во населено место Рудина, спротивно на законските одредби и со пречекорување на своите овластувања, спровел јавна набавка и склучил договор со приватна фирма во вредност од 1.649.400 денари, а во текот на градбата бил склучен и анекс договор во вредност од 329.806 денари за непредвидени и дополнителни работи. Во исто време, во 2021 година, повторно спровел јавна набавка за тампонирање и чистење на улиците во Свети Николе со градежна механизација во вредност од 2.500.000 денари со друго правно лице, кое по негово одобрение, спротивно на одредбите од договорот го ископало ровот за фекалната канализација. По преземените мерки било утврдено дека за проектирана вредност на фекалната канализација од 1.996.082 денари, биле платени вкупно 4.761.957 денари.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Ч.(37) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 09.05.2023, пријавениот со пиштол му нанел прострелна рана на М.М.(41), а по преземени мерки и активности бил пронајден и лишен од слобода.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.М.(33) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полов напад и силување", односно дека на 14.07.2023 во приватна болница во Скопје, каде се лекувал, допирал по телото една вработена.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Т.(65) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, продавање, набавување и посредување во тргување или вршење размена со огнено оружје, муниција или експлозивни материи". На 12.05.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол, полуавтоматско огнено оружје и 45 куршуми.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ж.Т.(18) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 28.06.2023, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот и уште едно лице, при што била пронајдена и одземена марихуана.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Валандово поднесе кривична пријава против З.В.(52) од Валандово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 26.09.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и семки од растението канабис.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Р.Д.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 15.03.2023, пријавениот продал марихуана на едно лице, која била пронајдена, додека, на 24.03.2023, полициски службеници извршиле претрес на пријавениот, при што била пронајдена и одземена дигитална вага.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Е.Н.(53) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање на стоки кои се предмет на криумарење и царинска измама". На 08.02.2024, при контрола на патничко возило управувано од пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле разновидна стока за која не поседувал документација.